20262494499

ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 35 од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2026 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.253/25), член 7 ставови (3) и (4) од Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија” бр.49/10, 53/11, 126/12, 15/13, 69/13, 106/13, 177/14, 25/15, 73/15, 83/15, 154/15, 11/16, 53/16, 120/16, 163/16, 74/17, 83/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.152/19, 244/19, 275/19, 110/21, 123/22, 65/23 и 218/24), член 79 став 2 од Законот за тутун, производи од тутун и сродни производи (*) („Службен весник на Република Северна Македонија” бр.98/19, 27/20, 56/21 и 154/25), член 14 од Законот за виното (*) („Службен весник на Република Северна Македонија” бр.74/24 и 208/24) и член 59 од Законот за зоотехника (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.87/23 и 146/26), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 20 октомври 2026 година, донесе

ПРОГРАМА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО ЗА 2026 ГОДИНА

I

Во Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2026 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.27/26, 53/26, 160/26, 191/26 и 227/26) во делот I табелата се менува и гласи:

„

Број на мерка	Име на мерка	Вкупен износ на мерката во денари
1.	Мерки за основна поддршка на доходот на земјоделските стопанства	1.000.000,00
2.	Мерки за дополнителна поддршка на доходот на земјоделските стопанства	1.000.000,00
3.	Мерки за директни плаќања по единица производ (по килограм, по литар, по грло, по пиле, по бројлер, по несилка, по растение) во растителното и сточарското производство	2.093.000.000,00
4.	Мерки за поддршка на влезни елементи во производството, како и нивни производи	1.000.000,00
5.	Мерка за поддршка за складирање на пченица, јачмен и ориз од домашно производство од род 2026 година	1.000.000,00
6.	Мерка за директни плаќања за мали земјоделски стопанства	1.000.000,00

7.	Помош во премии и осигурување	1.000.000,00
8.	Помош во сточарскиот сектор	15.000.000,00
9.	Помош за заштита на земјоделското земјиште	1.000.000,00
10.	Помош за поддршка на трошоци за набавка на горива за земјоделска механизација за земјоделски стопанства	300.000.000,00
11.	Материјални трошоци за спроведување на оваа програма	22.000.000,00
12.	Заостанати обврски по мерки од Програмите за финансиска поддршка во земјоделството од 2020, 2021, 2022, 2023, 2024 и 2025 година	4.858.652.000,00
	Вкупно	7.295.652.000,00

“.

II

Во делот XI во ставот 1 износот „564.000.000,00“ се заменува со износот „300.000.000,00“.

III

Во делот XIII износот „4.594.652.000,00“ се заменува со износот „4.858.652.000,00“.

IV

Оваа програма влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 57-8119/6
20 октомври 2026 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р.